3. **Проектирање и интеграција на ИС -**
4. **Менаџмент информациски системи**
5. **Анализа, моделирање и дизајн на ИС**
6. **Веб технологии**
7. **Дигитални библиотеки и репозиториуми**
8. **Наука за податоците и аналитика на големите податоци**

на студиската програма Информациски системи и технологии, универзитетски студии од втор циклус, чиј предлагач е Факултет за информатика при Универзитет „ Гоце Делчев " во Штип.

Изјавил,

Име и презиме
Доц. д-р Зоран Здравев

Штип, 27.06.16

И З Ј А В А

Од д-р Александра Милева, вонреден професор на Факултет за информатика при Универзитет “Гоце Делчев ” во Штип.

Јас, д-р Александра Милева, вонреден професор на Факултет за информатика при Универзитет “Гоце Делчев ” во Штип, се согласувам да учествувам во изведувањето на наставата по предметите:

1. Безбедност на компјутерски системи и веб безбедност

на студиската програма Информациски и веб технологии, универзитетски студии од втор циклус, чиј предлагач е Факултет за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

2. Мултимедијални технологии

на студиските програми Комуникациски технологии и процесирање на сигнали, Интелигентни системи и роботика, Информациски и веб технологии, Информациски системи и технологии и Математичко-информатичко образование, универзитетски студии од втор циклус, чиј предлагач е Факултет за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

3. Криптографија

на студиските програми Финансиска и актуарска математика и Пресметковно инженерство, универзитетски студии од втор циклус, чиј предлагач е Факултет за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

4. Безбедност на информациски системи

на студиските програми Информациски системи и технологии и Финансиска и актуарска математика, универзитетски студии од втор циклус, чиј предлагач е Факултет за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

5. Веб технологии за поддршка на бизнисот

на сите студиските програми на УГД, универзитетски студии од втор циклус, чиј предлагач е Факултет за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Штип, 24.06.2016

Изјавил,

Милева

Александра Милева

Универзитет „Гоце Делчев” - Штип .....

.

И З Ј А В А

Од д-р Наташа Коцеска, вонреден професор на Факултет за Информатика при Универзитет “Гоце Делчев” во Штип.

Јас, д-р Наташа Коцеска, вонреден професор на Факултет за информатика при Универзитет “Гоце Делчев” во Штип, се согласувам да учествувам во изведувањето на наставата по предметите:

1. Напредни интеракциски технологии

на студиските програми Интелигентни системи и роботика, Информациски и веб технологии, Информациски системи и технологии, универзитетски студии од втор циклус, чиј предлагач е Факултет за Информатика при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

2. Вградливи системи

на студиските програми Интелигентни системи и роботика, Информациски и веб технологии, Комуникациски технологии и процесирање на сигнали, универзитетски студии од втор циклус, чиј предлагач е Факултет за Информатика при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Изјавил,

Штип, 28.06.2016
(Место, ден, месец, година)

Наташа Коцеска

Универзитет ,,Гоце Делчев" - Штип .....

.

И З Ј А В А

Јас, Д-р Благој Делипетрев, доцент на Факултет за информатика при Универзитет "Гоце Делчев" во Штип, се согласувам да учествувам во изведувањето на наставата по предметите:

1. Наредни дистрибуирани компјутерски системи

на студиските програми Интелигенти системи и роботика, Интелигентни веб технологии и Информациски системи и технологии, универзитетски студии од втор циклус, чиј предлагач е Факултет за информатика при Универзитетот ,,Гоце Делчев" во Штип.

2. Напредни поглавја од вештачка интелигенција

на студиската програма Интелигенти системи и роботика, и Интелигентни веб технологии од втор циклус, чиј предлагач е Факултет за информатика при Универзитетот ,,Гоце Делчев" во Штип.

3. Географски информациони системи

на студиската програма Комуникациски технологии и процесирање на сигнали, од втор циклус, чиј предлагач е Факултет за информатика при Универзитетот ,,Гоце Делчев" во Штип.

4. ИТ инфраструктура

на студиските програми Информациски системи и технологии, универзитетски студии од втор циклус, чиј предлагач е Факултет за информатика при Универзитетот ,,Гоце Делчев" во Штип.

5. Геоинформатика

на студиската програма Информациски системи и технологии, универзитетски студии од втор циклус, чиј предлагач е Факултет за информатика при Универзитетот ,,Гоце Делчев" во Штип.

6. Хидроинформатика

на студиската програма Хидрогеологија универзитетски студии од втор циклус, чиј предлагач е Факултет за природни и технички науки при Универзитетот ,,Гоце Делчев" во Штип.

Штип, 28.06.2016

Изјавил,
Благој Делипетрев



.

19. Согласност од високообразовната установа за учество на наставникот во реализацијата на студиската програма

За реализација на студиските сите предвидени наставници се вработени на Универзитетот „Гоце Делчев“ -Штип.

С О Г Л А С Н О С Т

Согласно со одредбите од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 00/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15 и 30/16) и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Ректорот на Универзитетот, проф. д-р Блажо Боев, на наставниците вработени на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, им дава согласност да реализираат настава од втор циклус студии и на единиците кои не им се матични единици, во согласност со потребите на тие единици.

Штип

28.6.2016

Изјавил,

Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Ректор,

Проф. д-р Блажо Боев

20. Информација за бројот на студенти за запишување во првата година на студиската програма

Владата на РМ во соработка со Ректоратот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип го утврдува бројот на студенти за студиските програми, по предлог на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика.

21. Информација за обезбедена задолжителна и дополнителна литература

Информациите за задолжителна и дополнителна литература се дадени во предметните програми (Прилог бр. 3).

Дел од задолжителната литературата наведена во предметните програми на студентите им е достапна во електронска форма преку сервисот е-библиотека на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и истата бесплатно може да ја симнат и да ја користат. Голем дел од литературата е достапна на интернет и има слободен пристап.

Дел од литературата која е од преводот на Влада на РМ студентите може да ја најдат во библиотеката на Факултетот за информатика, како и во библиотеките на останатите единици на Универизитет „Гоце Делчев“ – Штип.

22. Информација за веб страница

Веб страница на Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип:
http://ugd.edu.mk

Веб страница на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип:
http://inf.ugd.edu.mk

Платформа за е-учење на Универзитет „Гоце Делчев“ –Штип:
http://moodle2.ugd.edu.mk

Студентски сервис, Е-индекс на Универзитет „Гоце Делчев“ –Штип:
http://studenti.ugd.edu.mk

Е-библиотека на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
http://www.ugd.edu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=97&Itemid=95

23. Стручниот односно научниот назив со кој се стекнува студентот по завршување на студиската програма.

Студентот кој ќе заврши втор циклус на студии, две годишни студии, студиска програма Информациски системи и технологии , се стекнува со следното звање:

На македонски јазик : Магистер по информатика – Информациски системи и технологии

На англиски јазик : Master of Computer Science – Information Systems and Technologies

Воедно, студентите добиваат диплома, додаток на дипломата и уверение за положени испити согласно Правилникот за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи („Службен весник на

Република Македонија“ бр.84/09) . Примероци од овие документи се приложени во рамките на Елаборатот

Образец на уверението за положени испити

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Број на досие _____

Врз основа на Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 99/09,115/2010,17/2011, 51/2011,15/2013, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/2015, 98/15 ,145/15 и 154/15) и член 387 од Статутот на Универзитет„Гоце Делчев" – Штип

_____
(факултет)

УВЕРЕНИЕ
за положени испити од втор циклус

Студиска програма _____
_____
Насока / оддел / модул _____
Име, средно име и презиме на студентот _____
(моминско презиме за студентките со променето презиме) _____
Матичен број _____
Датум, место, општина и држава на раѓање _____
Државјанство _____
Учебна година на запишување на студиите _____

Во текот на студиите, студентот ги положи следниве испити:

Ред. број	Код	Назив на предметот	Фонд на часови	Оценка (со број)	Оценка (описно)	ЕКТС (кредити)	Статус на предметот (з/и)
1.							
2.							
3.							
4.							
5.							
6.							
7.							

8.							
9.							
10.							
11.							
12.							
13.							
14.							
15.							
16.							
17.							
18.							

I. **Делумно реализирана студиска програма**
Студентот положил _____ (број на положени испити) од вкупниот број на испити предвидени со студиската програма со број_____ (вкупен број на испити на студиската програма) и се стекнал со _____ ЕКТС кредити.

II. **Пријавен завршен труд под наслов:** _____

_____

III. **Целосно реализирана студиска програма**
Студентот ги извршил сите обврски според студиската програма со просечна оценка_____, со _____ ЕКТС кредити.
Го одбранил завршниот труд: _____

_____

Датум на одбрана на завршниот труд: _____

Стекнат стручен/научен назив _____

_____

Референт за студентски прашања
за втор циклус на студии

_____

М П

Ректор,

_____

Универзитет ,,Гоце Делчев" - Штип .....

.

Образец на дипломата

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - Ш Т И П

(име на единицата)

Основач на високообразовната установа

Собрание на Република Македонија

Број и датум на Решението за почеток со работа издадено од Министерството за образование и наука

12 - 3202/3 од 12. јуни 2008 година

ДИПЛОМА

за завршен втор циклус на студии

(име, средно име и презиме на студентот)

роден/а на _____ во _____ _____ _____

(место) (општина) (држава)

завршил/а универзитетски стручен

(вид и назив на студиската програма и насока)

вкупно ЕКТС _____ кредити и просечна оценка _____ и се стекна со стручно звање

_____, (_____)

(стручен назив за меѓународна употреба)

Сериски број на дипломата

Број и датум на дипломата од Главната книга на дипломирани студенти на прв циклус на студии

Место и датум на издавање на дипломата

Декан / Директор

Ректор

Образец на додатокот на дипломата

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

ДОДАТОК НА ДИПЛОМАТА

1.	**Податоци за носителот на дипломата**	
1.1	Име	
1.2	Презиме	
1.3	Датум на раѓање, место и држава на раѓање	
1.4	Матичен број	
2.	**Податоци за стекнатата квалификација**	
2.1	Датум на издавање	
2.2	Назив на квалификацијата	
2.3	Име на студиската програма, односно главно студиско подрачје, поле и област на студиите	
2.4	Име и статус на високообразовната / научната установа која ја издава дипломата	Државен Универзитет „Гоце Делчев" – Штип - Закон за формирање на Државен Универзитет (Сл. весник на РМ бр. 40 од 30.3.2007 година) - Решение од Одбор за акредитација на бр. _____ од _____. Решение за почеток со работа на Министерството за образование и наука бр. _____ од _____.
2.5	Име и статус на високообразовната/ научната установа (доколку е различна) која ја администрира дипломата	/
2.6	Јазик на наставата	македонски јазик
3.	**Податоци за степен (циклус) на квалификацијата**	
3.1	Вид на квалификацијата (академски/стручни) студии	универзитетски (академски студии)
3.2	Степен (циклус) на квалификацијата	Втор циклус на студии
3.3	Траење на студиската програма: години и ЕКТС кредити	
3.4	Услови за запишување на студиската програма	
4.	**Податоци за содржините и постигнатите резултати**	
4.1	Начин на студирање (редовни, вонредни)	Редовни студии / вонредни студии

1

<table>
<tr><td>4.2</td><td>Барања и резултати на студиската програма</td><td></td></tr>
<tr><td>4.3</td><td>Податоци за студиската програма (насока/модул, оценки. ЕКТС кредити)</td><td>Види Прилог 1 – Уверение за положени испити

Листата на сите положени испити, оценки и насловот на дипломската работа, дадени се во Уверението за положени испити (мора да се приложи како придружен дел на овој документ)</td></tr>
<tr><td>4.4</td><td>Систем на оценување (шема на оценки и критериуми за добивање на оценките)</td><td>
<table>
<tr><th>поени</th><th colspan="2">од – до</th><th>критериум</th><th>оценка</th></tr>
<tr><td rowspan="4">активности и учество</td><td rowspan="4">0-20</td><td rowspan="4">70%</td><td>91-100</td><td>10(A)</td></tr>
<tr><td>81-90</td><td>9(B)</td></tr>
<tr><td>71-80</td><td>8 (C)</td></tr>
<tr><td>61-70</td><td>7 (D)</td></tr>
<tr><td>есеј/проект</td><td>0-50</td><td></td><td>51-60</td><td>6 (E)</td></tr>
<tr><td>завршен испит</td><td>0-30</td><td>30%</td><td>под 50</td><td>5 (F,FX)</td></tr>
</table>
Просек 6-10 (E-A)
</td></tr>
<tr><td>4.5</td><td>Просечна оценка во текот на студиите</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="3">5. Податоци за користење на квалификацијата</td></tr>
<tr><td>5.1</td><td>Пристап до понатамошни студии</td><td></td></tr>
<tr><td>5.2</td><td>Професионален статус (ако е применливо)</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="3">6. Дополнителни информации</td></tr>
<tr><td>6.1</td><td>Дополнителни информации за студентот</td><td>/</td></tr>
<tr><td>6.2</td><td>Дополнителни информации за високообразовната установа</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="3">7. Заверка на додатокот на дипломата</td></tr>
<tr><td>7.1</td><td>Датум и место</td><td></td></tr>
<tr><td>7.2</td><td>Име и потпис</td><td></td></tr>
<tr><td>7.3</td><td>Функција на потписникот</td><td></td></tr>
<tr><td>7.4</td><td>Печат</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="3">8. Податоци за системот на високото образование во Република Македонија</td></tr>
<tr><td>8.1</td><td>Видови високообразовни установи</td><td>Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип претставува автономна и јавна високообразовна, научна, односно уметничка установа која го обезбедува единството во вршењето и развојот на високото образование, науката, уметноста и стручноста и непосредно преку своите единици од различни студиски подрачја пренесува сознанија од повеќе научни, односно уметнички подрачја и дисциплини.</td></tr>
<tr><td>8.2</td><td>Вид на студии</td><td>Акредитираните студии на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип ги оспособуваат студентите за вршење на дејности во науката и високото образование, во деловниот свет, во јавниот сектор и општеството во целост, преку оспособување за развој и примена на научните и стручните методи и достигнувања. Стручните студии им даваат на студентите знаења и вештини што им овозможуваат вршење на стручни занимања и ги оспособуваат за непосредно вклучување во работниот процес.</td></tr>
<tr><td>8.3</td><td>Акредитација на високообразовната установа</td><td>Системот за обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование се потпира врз функционирањето на Одборот за акредитација и Агенцијата за евалуација.</td></tr>
</table>

2

		Одборот за акредитација врши одобрување, потврдување и признавање на високообразовната установа и студиските програми за вршење високообразовна дејност во согласност со Законот за високо образование. Агенцијата за евалуација врши процена на квалитетот на вршењето на високообразовната дејност, управувањето, финансирањето, академските и други активности и нејзините приоритети.
8.4	Структура на високообразовните универзитетски (академски) студиски програми	Студиските програми за стекнување на образование се распоредуваат во три циклуси на високото образование : **Прв циклус универзитетски студии** е дефинира согласно наставната програма (3+1+1) во период од три години и наставната програма (4+1) која трае четири години и со неговото завршување се стекнуваат 180 до 240 ЕКТС кредити. Лицето кое ги завршило студиите се стекнува со диплома со додавка на соодветната струка, а во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, академскиот назив по завршувањето на првиот циклус на студии е baccalareus односно baccalaurea. **Втор циклус универзитетски студии** кои што по правило траат една година за наставната програма (4+1) и две години (3+2) и со нивното завршување се стекнуваат 60 до 120 ЕКТС кредити. Вкупниот број кредити кои се стекнуваат на првиот и вториот циклус на универзитетските студии изнесува 300 кредити. Лицето кое ги завршило студиите се стекнува со научен назив магистер, или со друго звање на студиите, а во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, научниот назив по завршувањето на вториот циклус на студии е master. **Третиот циклус на универзитетски студии –** докторските студии траат најмалку 3 години (еднакво на 180 ЕКТС).Со јавната одбрана на докторскиот труд се стекнува научен назив доктор на науки (dr.sci), односно доктор по уметности (dr.art).
8.5	Структура на високообразовните стручни студии	Стручните студии траат три години и со нивно завршување се стекнуваат 180 ЕКТС кредити, а по исклучок можат да траат четири години и со тие студии се стекнуваат 240 ЕКТС кредити. Со завршувањето на стручните студии се стекнува диплома со додавка на соодветната струка, а во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик стручниот назив по завршувањето на првиот циклус стручни студии е baccalareus, односно baccalaurea со додавка на струката. Специјалистичките стручни студии од втор циклус траат една до две години и со нивно завршување се стекнува звање специјалист од одредена струка (spec.) што се користи покрај стручниот назив стекнат на стручните студии или академските студии од прв циклус.
8.6	Услови за запишување на студиите	На прв циклус универзитетски и стручни студии може да се запише лице кое има завршено средно образование и

		положило државна матура или меѓународна матура. На студиски програми од втор циклус универзитетски студии може да се запише лице кое завршило соодветни студиски програми од прв циклус. Соодветноста ја утврдуваат Универзитетот и неговите единици, а исто така и условите за упис на кандидатите кои имаат завршено други студиски програми. На академски студиски програми од втор циклус може да се запише и лице кое завршило стручни студии, ако е предвидено со акт на Универзитетот и неговите единици. На докторски студии може да се запише лице кое завршило соодветни студии од втор циклус. Универзитетот може да постави и други услови за упис на докторски студии.
8.7	Систем на оценување	Нумеричко оценување од најмала оценка 5 до најголема 10. Проверката на знаењето на студентот се врши континуирано во текот на наставно-образовниот процес и се изразува во поени. За исполнувањето на обврски за полагање на испитот (по делови или во целина), студентот може да оствари најмногу 100 поени или да добие позитивна оценка која се изразува до 10 (десет), при што оценките го означуваат следниов успех: 10 - одличен 9 - одличен 8 - многу добар 7 - добар 6 - доволен 5 - недоволен Завршното оценување задолжително се запишува во индексот или во некој друг документ и во пријавата за завршното оценување. Просечниот успех на студентот претставува аритметичка средина на оценките од завршното оценување по сите наставни предмети во текот на студиите, вклучувајќи го и завршниот испит.

24. Активности и механизми преку кои се развива и се одржува квалитетот на наставата

Обезбедувањето на квалитетот на наставата и континуираното подобрување на квалитетот на студирањето е првостепена цел на Универзитетот ,,Гоце Делчев" во Штип.

За исполнување на поставените цели Универзитетот ,,Гоце Делчев" во Штип ќе формира посебни комисии за самоевалуација, согласно одредбите од Законот за високото образование – Обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование, како и актите на Интеруниверзитетската конференција кои се однесуваат на обезбедувањето на квалитет на високото образование.

Воедно, во рамките на Универзитетот, односно на сите негови единици, се планира изработка и примена на Процедури со кои ќе се изведува контрола, обезбедување и унапредување на квалитетот на наставата согласно Упатството за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.67/2013).

Имено, универзитетот планира да развива механизми за континуиран развој и за подобрување на квалитетот на реализација на наставниот процес преку исполнувањето на критериумите во областа на:

- организацискиот менаџмент, преку земање во предвид на активности односно критериуми за развој и стратегија на високообразовната установа, управување, внатрешно обезбедување на квалитетот и културата на квалитетот, човечките ресурси, информациските системи и финансискиот менаџмент,
- наставата и учењето, преку земање во предвид на активности и критериуми за дефинирање на процедури за обезбедување на квалитет на студиските програми, квалитет на академскиот кадар, процедури за оценување на студентите, процедури за соодветно информирање на студентите, квалитет на материјално- техничките ресурси, и меѓународната соработка,
- истражувањето, развојот и/или креативните активности, преку земање во предвид на критериуми за стратешко планирање и континуиран мониторинг на научно-истражувачката/ уметничката дејност, систем за поддршка на научно- истражувачката/ уметничката дејност, науката како поддршка на стопанството, систем на финансирање на научно- истражувачката/ уметничката дејност, супервизија на студентското истражување и докторските студии, оценување на квалитетот на академскиот кадар на високообразовните и научно- истражувачките установи во Република Македонија

согласно научно- истражувачките подрачја од меѓународната фраскатиева класификација, евиденција за резултатите од реализацијата на практична примена од научно- истражувачката, развојната и апликативната дејност, и

- општествената оправданост, преку земање во предвид на активности и критериуми за информација за јавноста, стратегиски цели за доживотно учење, популаризација на научно- истражувачките/ креативните активности и вклучување на високообразовната установа во општествениот развој.

24а. Резултати од изведената самоевалуација согласно Упатството за единствените основи на евалуацијата и евалуационите постапки на универзитетите донесено од агенција за евалуација на високото образование во Република Македонија и од Интеруниверзитетска конференција на Република Македонија (Скопје -Битола, септември 2002).

Препознавајќи ја важноста на контролата на квалитетот, уште од самите почетоци Универзитетот спроведува активностите за обезбедување и подобрување на квалитетот ги постави на највисоко институционално ниво. Во рамките на тие процеси, егзистира Центарот за обезбедување на квалитет при Универзитетот „Гоце Делчев", каде дефинирани се и имплементирани се голем број активности за развивање на култура на квалитет во сите аспекти на функционирање на универзитетот. Спроведена е и стандардизација на целокупното работење на универзитетот согласно серијата ISO 9001 -стандарди за управување со квалитетот, кој стандард во континуитет се спроведува од 2013 година.

Во октомври 2010 година извршена е првата внатрешната евалуација за периодот од 2007-2010 година. Во 2013 година завршена е втората самоевалуација за периодот 2010-2012.

Во мај 2012 година започнато е со втората внатрешната евалуација за периодот од 2010-2012 година. Во 2013 година завршена е втората самоевалуација, а Извештајот за самоевалуацијата за периодот 2010-2012 година е во прилог на елаборатот.

Во март 2016, донесена е Одлука од Универзитетски сенат за започнување на постапка за самоевалуација за периодот 2013-2015 година, која е во тек. Во моментот на поднесување на Елаборатот за акредитација на студиските програми, УГД е во фаза на својата трета самоевалуација.

Првата и втората самоевалуација

Во јануари 2012 година на Универзитскиот Сенат го именува, а Ректорот го одобри, тимот за спроведување на самоевалуација и имплементирање на проектот за самоевалуација на УГД. Овој тим е одговорен за самоевалуација на Универзитетот за првите две евалуации, првиот за периодот од 2007 – 2010 година, а вториот за периодот од 2010 – 2012 година и е составен од:

- Проф. д-р Дејан Мираковски, претседател

- Проф. д-р Цена Димова, член

- Проф. д-р Лилјана Колева-Гудева, член

- Проф. д-р Александра Милева, член

- Проф. д-р Никола Смилков, член

- Проф. д-р Љупчо Сотировски, член

- Ристо Костуранов, генерален секретар

- Милкица Панева, раководител на кабинетот на ректорот

- Горан Стаменов, претседател на Студентскиот парламент

- Иван Тасевски, член на Студентскиот парламент.

Трета самоевалуација на УГД

Со Одлука на Универзитетски сенат бр. 0701-296/11 од 21.03.2016 донесена на 122-та редовна седница на Универзитетскиот сенат, назначена е Комисија за спроведување на самоевалуација во состав:

- проф. д-р Лилјана Колева Гудева - редовен професор на Земјоделски факултет, претседател;

- проф. д-р Александра Милева - вонреден професор на Факултет за информатика, член;

- проф. д-р Анѓеле Михајловски - вонреден професор на Музичка академија, член;

- доц. д-р Борка Тушевска - доцент на Правен факултет, член;

- доц. д-р Мишко Џидров - доцент на машински факултет, член;

- м-р Ристо Костуранов - генерален секретар на Универзитетот, член;

- Милкица Миленкоска - раководите на кабинет на ректор, член,

- Дијана Насева - референт во центарот за обезбедување на квалитет, член;

- Горан Стаменков – претседател на студентскиот парламент, член.

Горенаведената комисија во соработка со факултетските комисии за спроведување на самоевалуацијата и со Центарот за обезбедување на квалитет при Универзитетот „Гоце Делчев“, ја спроведува третата по ред евалуација на универзитетот, која е во тек во периодот на подготовката на елаборатот за акредитација на студиските програми на УГД.

Процес на надворешна евалуација

Со оглед на динамичен развој на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, како и напорите за транспарентно и социјално одговорно работење, процесот за надворешна евалуација беше иницира во јуни 2013 година. Во јуни 2014 година како производ на надворешната евалуација добиен е извештај, кој излезе од претходните резултати на самоевалуација на УГД, IEP evaluation report, Stip 2014, кој исто така е во прилог на елаборатот.

Надворешната евалуација е изввршена од страна на Програмата за институционални евалуација (Institutional Evaluation Programme, IEP), која е независна услужна членка на Европската универзитетска асоцијација (European University Association, EUA), која нуди процени за поддршка на институции кои учествуваат во континуираниот развој на нивните стратешки менаџмент и внатрешна култура на квалитет. Во фокусот на IEP е оценување на институцијата како целина, а не на одделни студиски програми или на истражувачки или единици. IEP се фокусира на:

• Процесите на донесување одлуки и институционалните структури и ефективноста на стратегискиот менаџмент;

• Релевантност на внатрешна квалитетот на процесите и степенот до кој нивните резултати се користат во процесот на донесување одлуки и стратешко управување, како и согледува празнини во овие внатрешни механизми.

Процесот на самоевалуација и надворешната евалуација се спроведува во соработка со Универзитетските тела каде беа спроведени интервјуа со Деканите и претставници на факултетите, одделенија, институти, вработени и студенти. Членовите на УГД, кои беа интервјуирани, биле информирани за процесите на евалуација кои се одвива на Универзитетот.

Тимот за оценување беше изненаден од подготвеноста на Универзитетот и силна способност да се мобилизира академската заедница, за темелно само-рефлексија и за тоа како да се подобрат активностите да и да се работи заедно кон дефинираните цели. Процесот на надворешната евалуација се спроведе од страна на тимот за евалуација од IEP (EUA), кој се состоеше од:

• Prof. Öktem Vardar (Турција), претседател,

• Prof. Raymond Smith (Велика Британија),

• Prof. Alice Ingegerd Palmér (Шведска),

• Prof. Carmen Fenoll (Шпанија),

• Студентски Ieva Baltiņa (Латвија)

Целокупниот извештај од самоевалуација 2010-2012 и извештајот од надворешната евалуација како: Извештаите за самоевалуацијата на Универзитет „Гоце Делчев” 2010-2012 и

IEP evaluation report, Stip 2014 се доставени во посебен елеборат на ниво на целиот универзитет.

25. Мислење за студиската програма од Одборот за соработка и доверба со јавноста

Република Македонија
Универзитет „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"
Факултет за информатика
Бр. 1506-102/3
22.06.2016 год.
Штип

Врз основа на чл. 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.15/13), и член 4 од Правилникот за поблиските критериуми и надлежности на одборите за соработка и доверба со јавноста (Сл. весник на РМ бр.148/2013), Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, на својата 10та (десеттата) седница одржана на 22.06.2016 година го даде следново

МИСЛЕЊЕ

Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип даде позитивно мислење за општествената оправданост на студиските програми: **Математичко - информатичко образование 120 ЕКТС, Математика 120 ЕКТС, Финансиска и актуарска математика 120 ЕКТС, Информациски системи и технологии 120 ЕКТС, Информациски и веб технологии 120 ЕКТС, Комуникациски технологии и процесирање на сигнали 120 ЕКТС, Пресметковно инженерство 120 ЕКТС, Интелигентни системи и роботика, 120 ЕКТС, Computational Engineering 120 ЕКТС на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип**, и тоа:

- Студиска програма **Математичко информатичко образование, на II (втор) циклус на студии :**

во траење од 2 години 120 ЕКТС со научен назив со кој се стекнува студентот по завршените студии на втор циклус **–Магистер на Математички науки – Математичко –информатичко образование , VII А според НРК.**

- Студиска програма **Математика, на II (втор) циклус на студии :**

во траење од 2 години 120 ЕКТС со научен назив со кој се стекнува студентот по завршените студии на втор циклус **–Магистер на Математички науки – Математика, VII А според НРК.**

- Студиската програма **Финансиска и актуарска математика, на II (втор) циклус на студии :**

во траење од 2 години 120 ЕКТС со научен назив со кој се стекнува студентот по завршените студии на втор циклус – **Магистер на Математички науки – Финансиска и актуарска математика, VII А според НРК.**

- Студиска програма **Информациски системи и технологии, на II (втор) циклус на студии :**

во траење од 2 години 120 ЕКТС со научен назив со кој се стекнува студентот по завршените студии на втор циклус **–Магистер по информатика – Информациски системи и технологии , VII А според НРК.**

- Студиска програма **Информациски и веб технологии, на II (втор) циклус на студии :**

во траење од 2 години 120 ЕКТС со научен назив со кој се стекнува студентот по завршените студии на втор циклус **–Магистер по информатика – Информациски и веб технологии , VII А според НРК.**

- Студиска програма: **Комуникациски технологии и процесирање на сигнали, на II (втор) циклус на студии :**

во траење од 2 години 120 ЕКТС со научен назив со кој се стекнува студентот по завршените студии на втор циклус **–Магистер по информатика – Комуникациски технологии и процесирање на сигнали , VII А според НРК.**

- Студиска програма: **Пресметковно инженерство, на II (втор) циклус на студии :**

во траење од 2 години 120 ЕКТС со научен назив со кој се стекнува студентот по завршените студии на втор циклус **–Магистер по информатика – Пресметковно инженерство, VII А според НРК.**

- Студиска програма **Интелигентни системи и роботика, на II (втор) циклус на студии :**

во траење од 2 години 120 ЕКТС со научен назив со кој се стекнува студентот по завршените студии на втор циклус **–Магистер по информатика – Интелигентни системи и роботика, VII А според НРК.**

- Студиска програма: **Computational Engineering Интелигентни системи и роботика, на II (втор) циклус на студии :**

во траење од 2 години 120 ЕКТС со научен назив со кој се стекнува студентот по завршените студии на втор циклус – **Master of Computer Science - Computational Engineering , VII А според НРК.**

Претседател на Одборот за соработка и доверба со јавноста
- Факултет за информатика-

Доц. д-р Зоран Здравев

26.Дали формалното образование и истражувачкото искуство на наставниците кореспондира со специфичноста на студиската програма, односно профилот и квалификацијата на наставно-научниот кадар,

Во изведувањето на наставата на студиската програма **Информациски системи и технологии** ангажирани се 8 професори кои докторирале во научно-истражувачкото поле Компјутерска техника и информатика и Информатика, каде припаѓа студиската програма. Истражувачката работа на наставниците припаѓа во полето на информациските и комуникациските технологии и кореспондира со содржината на предложената студиска програма

27. Соодветноста на структурата и содржината на циклусот на студии со општите и специфичните дескриптори

Специфичните дескриптори на квалификацијата со кои се одредуваат резултатите од учењето се дадени пред описот на секоја студиска програма. Општите и специфичните дескриптори се усогласени согласно Законот за високо образование.

Студиската програма по Информациски системи и технологии соодветствува на приложените специфични и општи дескриптори. Програмата има за цел едуцирање на кадри за развивање на критичко разбирање и способност за анализа, дизајн и имплементација на веб базирани информациски системи и технологии. Студиите овозможуваат стекнување знаења од областа на веб технологиите, огранизацијата и обработката на податоци, интелигентните информациски технологии, пребарување, анализа и обработка на податоци и информациони системи и технологии.

28. Усогласеност на студиската програма со потребите на општеството за дадениот профил на кадри

Современите бизнис информациски системи се составен дел од работењето во сите области на едно модерно информатичко општество и преку нив се зголемува протокот информации и достапноста на информации, што резултира со зголемена продуктивност и создавање на ефикасни сервиси за граѓаните и бизнис околината.

Имајќи ја во предвид потребата од профилирање на кадар кој ќе биде на располагање на бизнис заедницата и ќе биде оспособен за подобрување на организациските процеси, Факултетот за информатика донесе одлука за основање на втор циклус на студии од областа Информациски системи.

Студиската програма по Информациски системи има за цел едуцирање на кадар кој ќе биде способен за:

• Подобрување на организациските процеси
• Искористување на можности кои се создадени од современите технолошки иновации
• Разбирање и решавање на барањата на бизнисот за информации
• Дизајнирање и управување информатичката архитектура на претпријатијата
• Идентификување и оценување на бизнис информатичките решенија и нивните алтернативи
• Имплементација на безбедносни информатички системи со цел обезбедување на податоците и информатичката инфраструктура, како и
• Разбирање, управување и контрола на ИТ ризиците.

Овие способности вклучуваат знаења и вештини во три категории:

1. Специфични знаења и вештини:
• Идентификување и дизанирање на можностите, за организациско ИТ подобрување;
• Анализирање на размени;
• Дизајнирање и имплементирање на информациски системски решенија;

• Управување со текот на операциите на информатичката технологија;
2. Основни знаења и вештини:
• Лидерство и соработка;
• Комуникација;
• Преговори;
• Аналитичко и критичко размислување вклучувајќи креативност и етичко размислување;
• Математички основи;
3. Основи на областа бизнис-информатика:
• Генерални модели на областа;
• Клучни специјализации во рамките на областа;
• Евалуација на перформансите во рамките на областа;
Наставните содржини од студиската програма Информациски системи се препознатливи и се застапени на повеќе универзитети во Европа и светот.
Предложениот концепт на новата студиска програма е во согласност со режимот на студирање и Правилникот за единствени основи за организирање на постдипломски студии на Универзитетот „Гоце Делчев" -Штип, усогласен со нормативните акти и законските определби, како и Законот за високо образование.

29. Усогласеноста на теоретската и практичната настава со целите на студиската програма

Теоретската и практичната настава се потполно усогласени со целите на студиската програма. Со теоретската настава студентите ќе ги продлабочат своите знаења од областа на информациски системи и технологии, а практичната настава ќе се сведе на нивно оспособување за вклучување во наставно – образовен процес на високообразовните институции како и оспособување за научно-истражувачка работа и управување со проекти кои допираат теми од информациските системи и технологии.
Предложениот концепт на студиската програма е во согласност со режимот на студирање и Правилникот за единствени основи за организирање на додипломски студии на Универзитетот „Гоце Делчев" -Штип, усогласен со нормативните акти и законските определби, како и Законот за високо образование.

30. Соодветноста на предложената литература за совладување на материјата од предметната програма

Сите предметни наставници имаат предложено задолжителна и дополнителна литература во која се опфатени содржините што се изучуваат во соодветниот предмет.

Литературата за совладување на материјата за секој предмет е наведена во прилозите со опис на содржината (Прилог 3). Книгите по кои се изучуваат предметите кореспондираат со оние на водечките универзитети во светот. Имајќи го во предвид брзиот напредок во областа на комјутерските науки и технологии водено е сметка при изборот на литература да се предлагаат нови и современи изданија. Во листите со литература наведени се и книги преведени на македонски јазик во рамките на проектот на Владата на Р. Македнија.